РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
УП1 Бр. 14-1245
03.07.2018 година
С К О П Ј Е

Universiteti i EJL ne Tetovë - Republika e Macedonisë
ЈИЕ Универзитет во Тетово - Република Македонија
SEE University at Tetovo - Republic of Macedonia
Tetovë- Тетово- Tetovo

| Pranuar / Примено / Received | 12.07.2018 | | |
|---|---|---|---|
| Nj.org. / Орг.Един. / Org.unit | Numer / Број / No. | Shtojcë / Прилог / Attachment | Viëra / Вредност / Value |
| 03 | 1405 | 3 | |

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11), а во врска со член 145 став 4 и член 211 став 1 и 3 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18), Министерството за образование и наука донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

**за почеток со работа на студиската програма од трет циклус тригодишни студии по Менаџмент на животна средина на Институтот за животна средина при Универзитетот на Југоисточна Европа**

1.Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од трет циклус тригодишни студии по Менаџмент на животна средина на Институтот за животна средина при Универзитетот на Југоисточна Европа.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## О б р а з л о ж е н и е

Универзитет на Југоисточна Европа се обрати со барање бр. 03-1405/2 од 04.06.2018 година до Министерството за образование и наука, под наш УП1 бр. 14-1245 од 05.06.2018 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од трет циклус тригодишни студии по Менаџмент на животна средина на Институтот за животна средина при Универзитетот на Југоисточна Европа, по добиеното Решение за акредитација бр. 1409-169/2 од 18.05.2018 година од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование.

Министерството за образование и наука, со Решение УП1 бр. 14-1245 од 25.06.2018 година формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиските програми од трет циклус студии наведена во точка 1 на ова решение.

Комисијата на ден 28.06.2018 година, изврши увид и изготви Извештај УП1 бр. 14-1245 од 28.06.2018 година, каде е наведено дека за студиската програма од трет циклус тригодишни студии по Менаџмент на животна средина на Институтот за животна средина при Универзитетот на Југоисточна Европа, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

МИНИСТЕР
Dr. Arbër Ademi

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
2
СКОПЈЕ

изработил: Биљана Зафировска
контролирал: Снежана Лузевска
одобрил: Dr.Agim Rushiti